ОПШТИНСКИ
# ИНФОРМАТОР
ГЛАСИЛО НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

ПЕЧАТЕНО ИЗДАНИЕ
Бр. 9 Август - Септември 2019

ул.Свети Јоаким Осоговски бр.175 тел. 031 375 035 opkp@krivapalanka.gov.mk www.krivapalanka.gov.mk



## Рехабилитиран регионалниот патен правец Р2250

Министерот за транспорт и врски Горан Сугарески, заедно со директорот на ЈП Државни патишта, Зоран Китанов оствариja работна посета на општина Крива Паланка, како и обиколка и увид во завршените градежни активности на рехабилитацијата на регионалниот патен правец Р2250, на населените места Самоков – село Добровница- село Луке и село Крстов Дол.



Рехабилитираниот патен правец е со должина од 11 км, а инвестицијата е во вредност од околу 500.000 евра.

## Градоначалници од пет држави го потпишаа „Манифестот за мир“

Делегација од Општина Крива Паланка, предводена од градоначалникот Мицевски оствари посета на збратимената општина Млава во Полска, на покана на градоначалникот Славомир Ковалевски, а по повод одбележувањето на годишнината од битката кај Млава.



Во рамки на посетата градоначалниците на општините Млава од Полска, Расеијнај од Литванија, Крива Паланка од РС Македонија, Виернхајм од Германија и Москуфо од Италија потпишаа „Манифест за мир“ со кој се обврзуваат да ги превземат сите неопходни активности за зачувување на мирот на локално и меѓународно ниво.

## Пуштени во употреба ново адаптирани простории во градинката „Детелинка“

Во присуство на министерката за труд и социјална политика Мила Царовска и директорката на Фондација Отворено општество –Македонија Фани Каранфиловска Пановска, беа пуштени во употреба ново адаптираните простории во детската градинка „Детелинка“ .



Целосно се реконструирани и адаптирани две постоечки простории во две занимални со комплетна замена на столарија и целосна опрема- мебел со што се проширува капацитетот за 40 деца. Со проектот е направена и комплетна реконструкција и доизградба на санитарни јазли .



Проектот е финансиран од страна на Фондацијата Отворено општество-Македонија, а врз основа на Договорот склучен помеѓу Министерството за труд и социјална политика, Фондацијата Отворено општество -Македонија и Општина Крива Паланка.

## Влатко Стефановски на „Џојфест“



Неколкуилјадната публика на градскиот плоштад во Крива Паланка уживаше во настапот на виртуозниот вонсериски гитарист Влатко Стефановски, на осмото издание на музичкиот фестивал „Џојфест”.

## Надополнет возниот парк на ЈП„Комуналец” од Крива Паланка



Возниот парк на ЈП „Комуналец” од Крива Паланка е надополнет со уште едно возило за собирање смет, донација на амбасадата на Јапонија.

Донацијата е во висина од околу шеесет илјади евра, а возилото е снабдено од фирмата Градатин, хрватска компанија со претставништво во Скопје. Истото е марка Мицубиши Фусо кантер, шесткубичко, со можност за собирање смет од корпи од 120 и 240 литри и контејнери.

## Нов спортско-рекреативен простор

Бимилк во соработка со Пакомак отворија спортско-рекреативен простор на кејот на Крива Река спроти главната магистрала во Крива Паланка.



Донацијата вклучува поставување повеќе справи за рекреација и одржување на балансот на телото под брендот на „Balans+“, како и уредување на овој дел од градот.

## Основното училиште „Јоаким Крчовски“ со нови санитарни јазли



Во основното училиште „Јоаким Крчовски“ извршена е комплетна реконструкција на санитарните јазли со отстранување на досегашната доводна и одводна инсталација, прва ваква инвестиција по повеќе од 50 години откако е изградено училиштето.

Вградени се 27 ВЦ шољи со казанчиња, 9 писоари, 24 лавабоа вградени во водоотпорни и огноотпорни плотни, 40 ПВЦ врати исполнети со ПВЦ панел, 12 радијатори со нова мрежа за парно греење како и 900 м2 ѕидни и подни плочки.

За прв пат е поставена хидрантска мрежа на секој спрат, која иако е задолжителна, досега не беше поставена.

Висината на инвестицијата е 4.149.677 денари, а реализацијата на овие градежни зафати е во согласност со програмата за оддржување на училишните објекти со средства обезбедени од Министерството за образование.



## Се уредува минор коритото на Крива Река

Во општина Крива Паланка започнаа активностите за доуредување на дел од речното корито во рамки на проектот **„Изградба на регулација на минор корито на Крива Река –трет дел во должина од 300 м“.**

Се работи за потег од т.н. Љиљаков мост узводно кон т.н. Осички мост, каде ќе биде изградено минор коритото што понатаму ќе овозможи и партерно уредување на мајор коритото со предвидените содржини.

Напоредно на ова Општината аплицира и за средства за уредување на минор коритото по течението на Крива Река од Градскиот зелен пазар до населба Бегови бавчи.

## Асфалтиран крак од улица „Пере Тошев“ во населба Бегови Бавчи



Во рамките на програмата за тековно одржување на локалната улична мрежа, извршено е асфалтирање на крак од улица „Пере Тошев“ во населба Бегови Бавчи, со што е решен долгогодишниот проблем на месното население со современ пристап до нивните домови. Претходно на истиот крак во соработка со месното население и ЈП Комуналец извршено е санирање на дотраената канализациона мрежа.



## Обновено игралиштето во населба Грамаѓе

Во соработка со месното население, во м.в. Грамаѓе до магистралниот пат, извршеное е бетонирање на потребната подлога за игралиштето и е направена нова табла со кош на задоволство на најмладите жителите од населбата.



## Општина Крива Паланка домаќин на Европ-Раид 2019

Општина Крива Паланка беше домаќин на првата авантуристичка турнеја на солидарност на францускиот караван „Europ’Raid 2019“.

Поради својата активна соработка во областа на Франкофонијата, Општината доби донација од училишен прибор, матријали, нагледни средства и спортска опрема.



Во знак на благодарност за донацијата и пријателството со францускиот народ, учениците од ООУ ,,Јоаким Крчовски“ под менторство на професорката по француски јазик Елена Николовска, приредија Франкофонски музички хепенинг во дворот на училиштето, на кој присувствуваше и францускиот амбасадор Кристијан Тимоние.

## Започна спроведување на проектот „Цело е кога има се“

Седум образовни асистенти за дечиња со посебни потреби се вклучени во основните училишта во Крива Паланка , во рамки на проектот „Цело е кога има се”, дел од програмата за општинско – корисна работа поддржан од УНДП, Агенција за вработување на Република Северна Македонија, Министерство за труд и социјална политика и Општина Крива Паланка.

Проектот вклучува и четири негователи кои ќе пружаат нега и грижа на стари и изнемоштени лица во руралните средини и едно лице масер-терапевт кое ќе пружа услуги на корисниците кои имаат потреба од релаксирачка масажа.



Градоначалникот Мицевски им врачи договори на ангажираните 12 лица и порача дека напорите на надлежните се низ годините оваа бројка на образовни асистенти да се зголемува и сите Лица кои имаат потреба од нив да можат да ги користат услугите.

## Норвешка поддршка за подобрување и проширување на капацитетите на ОЈУДГ „Детелинка“



Градоначалникот Борјанчо Мицевски го потпиша договорот за грант средства за проектот „Создавање на услови за здрави идни генерации“, со кој ќе се изврши комплетно реновирање на вториот кат од детската градинка „Детелинка“, со замена на столарија, реновирање на тоалетите и поставување на енергетска термо фасада.

Финасиските средства се обезбедени од проектот „Норвешка поддршка за развој на Северна Македонија“ преку Канцеларијата на Обедните нации за проектни услуги (УНОПС), а вкупната вредност на грант средствата е околу 90.000 долари.



## ТППЕ од Крива Паланка со нови пет лиценцирани професионални пожарникари

Територијалната противпожарна единица од Крива Паланка доби нови пет лиценцирани професионални пожарникари кои успешно ја завршија шестмесечната обука во Територијалната противпожарна единица на Град Скопје (БППЗ).



## Обележување на хоризонтална сигнализација

Согласно Основниот сообраќаен проект за режим на сообраќај на улицата „Св. Јоаким Осоговски“, обележана е хоризонталната сигнализација на потегот од станицата за технички преглед-влез во градот, до мотел Македонија-излез од градот.



## Денови на македонските музеи

На 27 и 28 септември во Крива Паланка се одржа манифестацијата „Денови на македонските музеи“, во организација на ЛУ Градски музеј, а со финансиска поддршка на Министерството за економија и Општина Крива Паланка. Претставници на осумте локални музеи формираа **„Мрежа на локални музеи“** во која сите ќе дадат свој придонес за подобрување на нивните услови за работа, но и нивниот статус во државата.



Во рамки на манифестацијата со свој издавачки и промотивен материјал се претставија локалните музеи од РС Македонија промовирајќи го културното наследство на земјата пред домашните посетители и туристите од соседна Р.Бугарија.

## 15. Меѓународен фолклорен фестивал „Свети Јоаким Осоговски 2019“



***Од 24 до 26 август во Крива Паланка се одржа традиционалниот Меѓународен фолклорен фестивал „Свети Јоаким Осоговски“.***

На овогодинешното фестивалско издание настапија ансамбли од Турција, Кипар, Бугарија, Србија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Белгија и РС Македонија.

Фестивалот е во организација на Општина Крива Паланка и НУ Центар за култура, со поддршка од Министерството за култура.



## Отворен спортски ден

*Спорт за сите*

Во училишниот двор на ООУ „Јоаким Крчовски“ се оддржа завршниот настан, насловен како „Отворен спортски ден“, а е дел од големиот проект „Спорт за сите“ од програмата Спорт за развој, кој е поддржан од Германското друштво за меѓународна соработка ГИЗ. Проект се имплементираше во последните шест месеци во општина Крива Паланка, а во соработка на Здружението за унапредување меѓусебна доверба-ТАКТ, со локалното партнерсво Спорт за развој и Општина Крива Паланка.



## Младите во светот на извидниците

Извидничкиот одред Наум Наумовски-Борче оддржа работилница во рамките на проектот „Младите во светот на извидниците“. Проектниот тим составен од искусни и високо професионални извидници, пред присутните ученици извршија презентација и ги претставија активностите со кои се занимава извидничката организација.

Проектот е финансиски поддржан од буџетот на Општината Крива Паланка, преку Програмата за поддршка на здуженија и фондации за 2019 година.



## Ден без автомобили

***Општина Крива Паланка активно се вклучи во одбележувањето на Меѓународниот ден без автомобили – 22 септември.***

На велисипедското дефиле низ градот, учество зедоа околу 200 велосипедисти, ученици од средното и основните општински училишта, наставници и професори, претставници на локалната самоуправа како и граѓани кои ја поддржаа активноста.